

СПИСАНИЕ ЗА ЉУБИТЕЛИ НА ХОЛОГРАМСКИ ЗНАМИЊА
ТЕМПЛУМ
ОКТОМВРИ 1995
100
ДЕН
БРОЈ 8-9
ЛИФТ
ЛИФТ
HERRIMAN
HUGO PRATT
C. BROWN
CRUMB
LARSON
А. БОГЕВ
ЛАБРИС(5)




Почитувани макетонци, метадонци, маусдонци и сите вие што се гадите од било какво именување и спремни сте за новото холограмско знаме што токму го подготвуваме во тајната лабораторија за фалсификати (бесконечно качувајќи се и спуштајќи се со овие бетмен-лифтови ту налик на лијани ту на барокни салони за да ја камуфлираме трагата разбира се), е па, почитувани, еве нѐ пак, во тој кус холограмски момент на занишувањето на ОВА знаме, пред ветрот да ви покаже некоја сосема друга сликичка, девојка што се соблекува сонце лав мики маус наци коминтерна, по желба. Тоа што доцниме е најмал проблем, бидејќи следниот пат на крајот од вашето јаже овој смешен змеј (ЛИФТ! што го поврзува ова глупо небо доле со тоа гадно мастило горе, индиго што нѐ притиска во овој постпостмодерен свет за кој ние сме најкарактеристичната парадигма, така кинетични и заглавени едновремено, со тоа множество даркменовски имиња!) можеби и ќе го нема, што, пак, од друга страна, и нема да биде толку страшно, ние само ги менуваме небата, зоните на присуство, а вие на крајот на врвката секогаш можете да закачите нешто, на крајот на краиштата самите себеси, едно од гумените лица на себеси.

Па, неизвесноста и несигурноста се сепак некакви благородства! Исфуравме пет броја, преку петсто страни стрипови, а ќе фураме и уште, можеби не во оваа форма, не со овој ритам, во секој случај ќе се обидеме да бидеме во овој дел од стратосферата.

Вам ви останува само да бидете културно што побогати, да цицате секакви информации, да бидете (само)критични, да филтрирате, да цртате стрипови, фала богу, внимавајќи да бидете сериозни и откачени, класични и оригинални, културни и диви, субверзивни и конструктивни, одговорни и анархични - едновремено! Ние ќе се обидеме уште барем малку да бидеме сервис, тунел за тој тип на просјајувања, како некаква комора за ловење на најсуптилните, најневидливите елементарни честици, овој бунар, овој лифт, регистратор на зоните долни и горни, кој нѐ олицетворува и легитимира во овие турбулентни времиња на не-присуството.

*Пандалф Вулкански*

ЛИФТ
одговорен уредник: П. Вулкански
графички уредник: Н. Гелевски
компјутерско уредување: КОМА
адреса: ул. Ал. Мартулков 13, Ск.
тел. 317-008
соработник: Мики Шкиља
насловна страна: Бобан Пешов

СПОНЗОР:
SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS - SKOPJE, MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

# George Herriman

**Генијот на Хериман се состоеше во спојот меѓу мошне едноставните драматуршки и цртачки елементи во *Крејзи Кет* со речиси непрегледната асоцијативна длабочина на некои од епизодите, кои самите по себе влегоа меѓу најзначајните уметнички дела на дваесеттиот век. Една мачка-андрогин ( ), еден егоцентричен глушец ( ) што нон-стоп ја мава мачката со цигла по глава, еден полицаец-заштитник ( ), неколку бизарни епизодисти, плус широките пустински пејсажи што суптилно се трансформираат - и ете гс *Крејзи Кет*. Но, финтата, како и секогаш, е во односите меѓу ликовите, и во оној необичен креативен набој, некаков колорит, аура, магнетизам, што зрачи речиси од секој кадар на Хериман и што - ингениозноста?! - е толку ретко во стрипот, зад наслагите од банални повторувања, едукација и карикатуралност. Таа чума на стрипот, баналноста, речиси никогаш не го допрела Хериман и, меѓу другото и затоа, тој веројатно е најголемиот стрип-мајстор во нашиов век.**

***"Во надреалниот амбиент на Крејзи Кет, донкихотовската и детска душа на Хериман од себе го зрачи она најдоброто што уметноста воопшто може да го даде: поетичност, фантазија, хумор, деликатност, чувствителност и вонземска убавина."*** *(Gilbert Seldes)*



Џудит О'Саливен

# Џорџ Хериман и неговата црна мачка

Постои зачудувачка сличност меѓу, според многумина, двајцата најголеми мајстори на стрипот во дваесетиот век: Џорџ Хериман и Винзор Меккеј; обајцата имале скромна формална едукација, и на обајцата амфитеатар им била улицата; потоа, и двајцата имале слични кариери, од весниците преку театарот до филмот; и двајцата созреваат во големиот метеж на неверојатната експанзија на новинарството; и двајцата имаат афинитет кон посиромашните а главна мета на нивните напади се снобовите, малограѓанштината и лажниот морал; и Хериман и Меккеј обработувале слични специфични социјални проблеми - демократија, право на глас на жените итн.; на крајот, и двајцата, на некој начин, ги антиципираат главните уметнички текови на времето во кое живееле, дадаизмот и надреализмот.

Хериман, на пример, многу порано од С. Дали, за свој мизансцен го користи празниот простор, постојано менливото небо и "камелеонскиот" однос меѓу фигурите и просторот. Исто така е интересна и Херимановата употреба на јазикот; таа чудна мешавина на црнечки англиски со примеси на шпански инспирираше неколку генерации поети.

Хериман е роден во 1880-та во Њу Орлеанс. Во матичната книга на родените му пишува дека бил "обоен" а за неговите родители се вели дека биле "мулати". Таа двојност се преплетува во целото дело на Хериман, а пример е еден од неговите први стрипови Musical Mouse, кадешто се прикажани чудните обиди на еден афро-американец да "мине" како белец, но редовно останува "демаскиран".

Сепак, далеку најважниот симбол на Херимановиот комплексен личен и културен идентитет е ликот на Krazy Kat - црната мачка со амбивалентен сексуален идентитет, лик создаден 1913-та година на страниците на New York Evening Journal, кој му припаѓал на новинарскиот магнат Вилијам Рандолф Хертс. Krazy Kat е ремек дело на Херимановата веќе артистичка зрелост; овој стрип излегуваше 21 година и негов обожавател, меѓу другите, беше и славниот Пикасо. Krazy Kat го претвораа во цртани филмови, во балети, дури излегуваа и романи за него!

Централни теми во Krazy Kat се идентитетот, природата на личните односи и испитување на структурата на општеството. Сето тоа во форма на "басна" (животни како ликови) сместена среде пустински пејсаж и оживеано со Херимановиот цртачки и поетски гениј. Во самиот стрип се појавуваат многу ликови со многу необични имиња и форми; еве некои позначајни од

раскошната галерија на Хериман: Gooseberry Sprig, Duck Duke; Joe Bark, Moon Hater и Bone Mangler, и B. Boswell Barque; Bum Bill Bee; Kolin Kelly, дилерот со цигли; Joe Stork, компликатор и компромисер, принц и пролетер; Walter Cephus Austridge, Kalaharan Dickey-Bird; Officer B. Pupp, симбол на Редот и Законот; Don Kiyoti, естетот, Castillian Nobleman so мошне




"сапунската" природа, и чудната потсвест; потоа Sancho Pansy; Mock Duck; потоа Sefiora Anita Gata Blanea, Сиротата Widda; Barney Borracho, заштитник на Paloma Blanca Pulqueria; J. Turtill и Terry Turtle, Diamond Broker; Kristopher Katapillar, Црвот; Judge Jacques Rabbit; Mr. Damon Duvv...




Сите овие ликови се совршено укомпонирани во едновремено филигрантскиот и безграничен свет на Хериман, кадешто секое појавување го поседува оној фин спој меѓу "интерното" лично и "глобалното" драматуршко, спој така карактеристичен за нашиот секојдневен, "обичен" свет, лишен од некакви "подлабоки" нурнувања.

Двата главни лика во Krazy Kat se: **Krazy Kat** и неговата љубов **Ignatz Mouse**. Опсесијата на Krazy Kat со Ignatz Mouse е атавистичка и архетипска, преминувајќи ги бариерите на класа, пол и род. Во некои епизоди на Krazy Kat Хериман, во објаснувањето на длабокиот и противречен однос меѓу неговите два главни лика, користи дури и некои древни историски матрици (Египет и Клеопатра, на пример, во епизодата од 4 мај 1919-та). За комплексноста на односот меѓу двата главни лика допринесува и фактот што Ignatz Mouse е женет, а во борбата за привлекување на внимание голема улога игра и полицаецот Offissa Pupp. Ignatz Mouse и Offissa Pupp се тотални спротивности; Ignatz Mouse е енергичен, егоцентричен и циничен, а Offissa Pupp е непоколеблив бранител на затекнатата состојба и потполно без фантазија. Krazy Kat е опседнат со Ignatz Mouse, а неодреден кон Offissa Pupp. Игнац и Кет се исто така спротивни; Кет е оптимистичен а Игнац ироничен, Кет великодушен а Игнац експлоататор, Кет е црн а Игнац бел.


"KRAZY KAT"
INK
-ZIP-
"JAIL."
6-11
HERRIMAN
BUT HE'S A "OTT KRITTIK," AINT HE?
YES, BUT HE'S ALSO A WOODPECKER?
AH-H

За својот главен јунак, Krazy Kat, Хериман тврди дека е андрогин, и тоа е првиот стрип-јунак со такви својства. Втората трага која треба да се следи при откривањето на идентитетот на Krazy Kat е неговиот особен дијалект. Тој е единствениот што не зборува стандарден англиски, додека Ignatz Mouse и Offissa Pupp зборуваат на "елитен" англиски (велат дека во овој поглед Krazy Kat е слика и прилика на самиот Хериман кој користел сопствени зборови и необични скратувања во секојдневниот говор). Подоцна, по 1936-та, Хериман ќе го напушти тоа "јазично карактеризирање" на Krazy Kat, но неговиот врв сепак се лоцира меѓу 1913-та и 1925-та, кога владеат неговата јазична каприциозност, калиграфските потези со пенкало и ниските пустински хоризонти.

Зборувајќи за уметничкиот, филозофски и поетски развој на Хериман пак мораме да се навратиме на околностите во кои тој бил роден; Њу Орлеанс од тоа време бил прилично




"KRAZY KAT"
ONE."
TWO."
THREE."
FOUR."
FIVE"
SIX."
SEVEN"
EIGHT"
NINE."
TEN
12-13
ELEVEN
"JAIL"

непријатно место за индивидуалци со "мешано" потекло, иако тенденција на "мешаните" сепак била да се идентификуваат со доминантната култура. Сличен бил случајот и со родителите на Хериман, така што тоа е една од причините што Хериман многу доцна поексплицитно почнува да ги внесува афро-американските елементи во својата работа. Втората причина е неговата преселба, со семејството, во Лос Ангелес, кадешто тнр. "еднаква шанса" се добивала само доколку радикално решите: бел или "мешан". Освен тоа, црните цртачи сѐ до 1965-та немаа пристап во тнр. главни списанија, иако постоела одредена традиција во тнр. "црн" печат. И големо прашање е дали Хериман воопшто би објавувал во главните весници доколку знаеја за неговото "мешано" потекло (Хериман и самиот го криел тој факт, само на најблиските им признавал дека има "понешто креолска и малку црнечка крв"; тој одел дотаму што својата кадрава коса постојано ја криел во капа и дури и се сликал со капи на главата!). Сепак, во своите стрипови тој секогаш бескомпромисно бил на страната на угнетените, сиромашните и слабите.

Како и многу други американски уметници, Хериман е "човек од народот". Неговото потекло и неговата уметност рефлектираат толку многу култури и содржини претопени во една. Krazy Kat, и покрај тоа што упорно и непрекинато, на крајот на секоја епизода добива цигла во глава од Ignatz Mouse, секогаш вели дека е среќен, и тоа е автентичен оптимизам на една млада нација за која сите порази се привремени и сите грешки поправливи. Krazy Kat е една алегорија за асимилација во смисла на потребата од прифаќање и љубов, и која оди дотаму што себичноста и бруталноста на Ignatz Mouse ги интерпретира како љубов. На тој начин Krazy Kat ги транцендира проблемите и, во крајна линија, триумфира.

*превод и адаптација:*

*Анета Лешниковска и П. Вулкански*

**Во продолжение ви пренесуваме пет преведени епизоди на Crazy Cat. Херимановиот англиски е речиси непреводлив, но малку се потрудивме, па проценете. Би било фантастично да се направи цела книга со преведен Crazy Cat! Значаен предизвик за преведувачите, непроценлив подарок за "стрипаџиите" и големо задоволство за толку "тенката" софистицирана публика на македонски.**



*Автопортрет на Хериман од 1940*


"Krazy Kat"
Registered U. S. Patent Office
САМ СУМ-АРУМ...
САМО ЈАС...
И МОЈОТ НЕЗНАЧИТЕЛЕН ДНЕВНИК...
СЕГА НАЗАД ВО СКРИШНОТО МЕСТО ЗА КОЕ ЗНААТ САМО ОВОЈ КАМЕН, СТЕБЛОТО, ПАТОТ И МРАЧНАТА НОЌ...
А ТИЕ НИКОМУ НЕМА ДА МУ ЈА КАЖАТ ТАЈНАТА...
1-17


"KRAZY KAT"
JAIL
ЕНЕ ГО СЕДИ ТАМУ ПРЕД ЗАТВОРОТ, ВНИМАТЕЛНО ЧУВАЈЌИ ГО МОЈОТ ДВОЈНИК. ХА! ГЛУП КО КУКЛА!
СЕКОЈДНЕВНО, УМОВ МИ СЕ РАЗВИВА, РАЦЕТЕ МИ СЕ СЀ ПОСНАЖНИ, А МОИТЕ ГЛУПАВИ НЕПРИЈАТЕЛИ СЕ СЀ ПОРАНЛИВИ!
POW
ZIP
А СЕГА, ВРЕМЕ ЗА ВИСТИНА, ФИНАЛЕ: МОЈОТ ТРИУМФ, МОЈАТА ГОРДОСТ!
ФЕР Е ДА ПРИЗНААМ, ПАЈКАНУ, ДЕКА ЦЕЛО ВРЕМЕ ГО ЧУВАШ МОЈОТ ДВОЈНИК!
JAIL
ТВОЈОТ ДВОЈНИК-КУКЛА?! МИСЛИШ ДЕКА Е БАРЕМ ИСТО ТОЛКУ ДОБАР КОЛКУ И МОЈОТ КУКЛЕН ДВОЈНИК ШТО ГО ЧУВАШЕ ТВОЈОТ!?
JAIL
3-20

# Krazy Kat


АУ ЗА ТИЕ ДОБРИ СТАРИ ДНИ. ГИ СНЕМА ЗА-СЕКОГАШ - ДА МУ СЕ НЕВИДИ!!
БЕЗ РАЗУМНА ПРИЧИНА Г-ДИН БОБ СЕ ЖАЛИ СО НЕ БАШ ТИВОК ГЛАС ЗА ДЕНОВИТЕ КОИ ПОМИНАЛЕ
ТУКУ ШТО ГО СЛУШАВ БРАЧЕДОТ БОБ, ТОМ, КАКО ЗБОРИ ЗА СТАРИТЕ ДОБРИ ДНИ. УЈЧЕ ТОМ, ДА ЛИ МОРА ДЕН ДА БИДНЕ СТАР ЗА ДА БИДЕ ДОБАР?
НЕМА ДНИ КАКО СТАРИТЕ ДОБРИ ДНИ, КРЕЈЗИ. ЗАШТО МАЧКИТЕ БЕА МАЧКИ И ГЛУВЦИТЕ СИ ГО ЗНАЕЈА МЕСТОТО, И ТОА КАКАО!!!
ТАКА ШТО "КРЕЈЗИ" СЕ ПОТПРЕ НА ЧЕСНАТА МУДРОСТ НА СВОЈАТА ПРАСТАРА РОДНИНА, УЈЧЕ ТОМ КОЈ ГО НАГРАДУВА СО ДОСТА ИНФОРМАЦИИ.
И ТАКА, "УЈЧЕ ТОМ" РАСЧИСТУВА СЀ, КАКО СТОЈАТ РАБОТИТЕ ВО СТАРИТЕ ДОБРИ ВРЕМИЊА.
НО СЕПАК ГИ СНЕМА ЗАСЕКОГАШ ДА МУ СЕ НЕ-ВИДИ!
МОЈОТ КУТАР УЈЧЕ ТОМ ГО ОБЗЕМАЛА ГОЛЕМА ГРИЖА ЗА ДОБРИТЕ СТАРИ ВРЕМИЊА, КОГА МАЧЕТО БЕШЕ МАЧЕ.
ПУ, ЗАШТО СЕ ЖАЛИ, НЕКОГАШ МАЧКИТЕ ЗА НИШТО НЕ ГИ БИДУВАШЕ. ДОБРИТЕ СТАРИ ДЕНОВИ БЕА КУЧЕШКИ ТИ КАЖУВАМ.
И ТАКА, Г-ДИН ОМАР РАСКАЖУВА ЗА МИНАТОТО, КОГА КУ-ЧИЊАТА БЕА ЏУКЕЛИ И МАЧКИТЕ ГО ЗНАЕЈА ГЛАСОТ НА СВОЈОТ ГАЗДА.
ТОА БЕА ДЕНОВИ, ДРАГИ ДЕНОВИ, УБАВИ ДЕНОВИ, РЕТКИ ДЕНОВИ, СТАРИТЕ, СТАРИТЕ ДЕНОВИ ЗАСЕ-КОГАШ ГИ НЕМА - ДА МУ СЕ НЕ-ВИДИ...
РЕЧЕ КОЛКУ БИЛЕ ДОБРИ ДНИТЕ КОГА КУЧИЊАТА ГИ БРКАЛЕ МАЧИЊАТА
ТАКА РЕКОЛ, А?
ТАКВО ЗБОРЕЊЕ ПРИВЛЕКУ-ВА БУНТ И РЕВОЛУЦИЈА. ЌЕ МУ ДАДАМ МАЛКУ ЗАКОН И РЕД ДА ОСЕТИ!
ГОСПОДЕ
ZIP
Е ПА, СЀ ПОРЕКНА.
ФАЈН!
СЀ Е ВО РЕД
ДЕНЕС Е ДЕНОТ


"KRAZY KAT"
ТОЈ ДОАЃА, ГАДЕН - ПОЛН СО ГРЕВ И СРАМ. НО, ОТКАКО ЌЕ ГО ПРЕТРЕСАМ, СИ ГО ФАЌА ЏАДЕТО
ПАУЗА, ГЛУВЧЕ, ПАУЗА. ЗАСТАНИ ЗА МОМЕНТ, ТЕ СТО-ПИРА ЗАКОНОТ
НО, ЏАЈО ДРАГИ, НЕ МОЖАМ ТУКУ-ТАКА ДА ЗАСТАНАМ ОДАМ ДА ГО ПОСЕТАМ МОЕТО ДРУГАРЧЕ "КРЕЈЗИ"
НА БРЗИНА ОТВОРИ ЈА ПАТНАТА ТОРБА И ИЗВАДИ ЈА ЦИГЛАТА ОД НЕА КЕ ТИ ОЛЕСНИ ТОРБАТА И КЕ ТИ ОЛЕСНИ ДВИЖЕЊЕТО
ОФ, ТЕШКО МЕНЕ, ЗНАЕВ ДЕКА НЕ МО-ЖАМ ДА ГО НАДИ-ТРАМ И ДА ЈА ПРОШВЕ-РЦАМ ЦИГЛАТА. ЗНАЕВ! ТИ ПАМЕТНО, УБО - И МУДРО ЦАЈКАНИШТЕ.
НЕЧОВЕК БЕЗ ПО-ДДРШКА. САКАМ ДА ГО МРАЗАМ.
ПРЕНЕСИ МУ НА ТОА СЛАТКО МАЧЕ ТОПЛИ ПОЗДРАВИ, И РАБОТИТЕ КАКО ШТО ТРЕБА. ТИ ДАВАМ ВЕТУВАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНО ВРАЌА-ЊЕ ПО ОВОЈ ПАТ. ОРЕВУ-АРИ!
ГЛУВЧЕТО МУ ПЛАТИ НА КЕЛИ 10 С ЗА НЕА, А ЈАС ЌЕ МУ ЈА ПРОДАДАМ ЗА 5 С. ЕДЕН ОД НАС Е ИТАР БИЗНИСМЕН.
ОСВЕН ШТО СИ ДО-БАР МАЈСТОР ЗА ЦИГЛИ КЕ-ЛИ, ИСТО ТАКА СИ И ОПАСАН ЕКОНОМИСТ.
ДА СЕ КУПИ АР-ТИКЛ КОЈ ВРЕДИ 10 С ЗА 5 С Е ДОБАР ПАЗАР ДА, ДОБАР ПАЗАР.
ЗОШТО НЕ ЈА ДОНЕСЕ ДРУГАТА ЦИГЛА... А? МУ ПРОДАДОВ ДВЕ, ЗНАЕШ!
ИЗВИНИ ШТО НЕ СУМ УЧТИВ, МОЈ ДРАГ КРЕЈЗИ, ШТО НЕ ТИ ПОМАГАМ СО ТОРБАТА. НО ЧЕКАМ ЕДНА СТРАНКА И МОЕТО ВНИМАНИЕ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ВОЗНЕМИРИ... ...СЛУЖБА
НЕ СЕ СЕКИРАЈ, ОФИЦЕРУ, КУТРЕ - ЈА И ДАВАМ И НА ТОРБАТА И НА СИТУАКЦИЈАТА ДОВОЛНО ПОМОШ. ФАЛА.
2-13



ПЕСОК - ПЕСОК ОВДЕ ПЕСОК ОНДЕ ТАМУ-ВАМУ ПЕСОК
'НОГУ ПЕСОК, А ?
Registered U. S. Patent Office
KRAZY KAT
И СЕГА ... ВОДА
ДАЛЕЧ БЛИСКУ ТАМУ ВАМУ А ?
ПЕСОК ВОДА-ЧУДЕСНО ИЗВОНРЕДНО КОЛОСАЛНО
ГЛУШО, СЕКАКО ПРЕТЕРУЕШ
ОД ШТО СЕ НАПРАВЕНИ ПЛАНИНИТЕ, КОНТИНЕНТИТЕ, СВЕТОВИТЕ = ПЕСОК, МАЧЕ, ПЕСОК
ЈАА!
ОД ШТО СЕ НАПРАВЕНИ ОКЕАНИТЕ, А? МОРИЊАТА, ЕЗЕРАТА, РЕКИТЕ, А? ВОДА, МАЧЕ, ВОДА.
ХААА!
ДА, "К". МАЛИ НАЈСИТНИ ЗРНЦА ПЕСОК - НАЈСИТНИ КАПКИ ВОДА, ГИ ПРАВАТ СИТЕ РАБОТИ.
УШТЕ НЕШТО?
ШТО ДРУГО ОЧЕКУВАШЕ, ГЛУПЧО?
ПА-А-А, НЕШТО, ПОЈАКО, НЕШТО ПОВАЖНО!
МАЛКУ ВОДА, МАЛКУ ПЕСОК - МАТИ, ТЕПАЈ, ПЕЧИ И ПУФ - ЦИГЛА!
ЧУДЕСИЈА, ИЗВОНРЕДНО, КОЛОСАЛНО, АААААА!
ХАОС
ШТО Е ТУКА ТОЛКУ МУДРО, ЦАЈО?
ДАЛИ ТИ МОЖЕШ ДА СЕ СНАБДИШ СО СОПСТВЕНА СТРУЈА, ГЛУШО?




Атанас Ботев е еден од најталентираните помлади стрип-цртачи во Македонија. Сигурен цртеж, прецизни сенчења, динамични и логични кадрирања што зборуваат за една фина филмска и стрип едуцираност на Ботев... Можеби единствената негова покрупна слабост е недостатокот од добри сценарија, но тоа е веќе хронично...

Од друга страна, и низ самиот Ботев се прекршува состојбата со македонскиот стрип: нема доволно силна продукција дури ни од оние кои, горе-долу, професионално го третираат овој медиј, како Ботев: тој сé на сé има направено дваесетина табли, што е просто жално во споредба со еден друг човек, на пример, сликарот А. Станковски, кому стрипот му е, онака, хоби; Станковски за две години работа направи преку 1 000 цртачки комплексни табли (голем дел од нив се во боја!), а неколкумината талентирани момчиња, како Ботев, дремат и чекаат.



Добро, факт е дека ако и направат нема каде да пласираат, или барем до сега немаа.

Сепак, единственото нешто е во работата. Ние, во Лифт, се обидуваме да ве поттикнеме, колку-толку. И презентирањето на овие неколку стрипови на Ботев (од кои оној со бродот в шише е просто антологиски, може да влезе и во најелитните стрип списанија!) оди во таа насока: читајте многу и различно, пишувајте-цртајте-кините, па пак одново! Еден ден ќе биде добро.



# БРОД

АВТОР: АТАНАС БОТЕВ



# МЕСО или БАЛКАНСКА СЕМЕЈНА ЕКОНОМИЈА
## (АЛЕГОРИЈА ВО 11 СЛИКИ)

ЦРТЕЖ И ИДЕЈА: АТАНАС БОТЕВ

ТЕКСТ: А. БУЗОНИ




МЕСО - ЕДЕН ОД НАЈВАЖНИТЕ БАЛКАНСКИ ЗБОРОВИ!
ПА, НЕМАМЕ МЕСО СЕКОЈ ДЕН...
АААА!
ГРЕОТА Е ДА СЕ ФРЛИ...
ЌЕ МИ ПОМОГНЕ ЛИ НЕКОЈ, У ПИЧКУ МАТЕР!
ДОБРО ДЕ, ТИ НЕ СИ ЦРВ, АМА МОЖЕ ЌЕ ДОБИЕМЕ НЕКОЈ ПОЕН ВО СОЦИЈАЛНО...
ААААА!
ЕНТУЗИЈАЗАМ И КОГА Е НАЈТЕШКО - БАЛКАНСКА ОСОБИНА.
МАЛКУ ПЛЕСКАЊЕ И ТРЕСКАЊЕ...
ТРЕС!
СРБО, ХРВОЕ! ДОЈДЕТЕ ДА ВИДИТЕ КАКВО ИЗНЕНАДУВАЊЕ ВИ ПРИРЕДИ МАМА!
УРААА! МЕСО!!!
НЕЕЕЕЕ!
FIN

АВТОР: А.БОТЕВ

# БРОДОЛОМ






СЕРГЕЈ АЛЕКСЕЈЕВИЧ ГО ЖРТВУВАШЕ ЕДИНСТВЕНИОТ СОЖИТЕЛ НА ОСТРОВОТ ЗА ДА ГО ВКУСИ
„ЗАБРАНЕТИОТ" КАПИТАЛИСТИЧКИ ПЛОД. . . . КРАЈ !

# ЗЕБРА

1992.

АВТОР : А. БОТЕВ



**1927-1995**

# HUGO PRATT

**За поголемиот дел од стрип читателите името на Хуго Прат нераскинливо е поврзано со Корто Малтезе, најпознатиот лик на Прат, кој ги освои врвовите на светскиот стрип, и во смисла на квалитет и во смисла на популарност. За оние постручните, Прат значеше извонреден сценарист и мошне необичен цртач кој стрип-кадровите повремено ги сведуваше на груби скици кои токму тогаш просјајуваа со тој нежен и фин графизам кој стана знак на препознавање на Хуго Прат.**

**Прат, инаку, е Италијан по местото на раѓање (од татко Французин со англиско потекло), но граѓанин на светот по определба, авантурист, пацифист и антимилитарист со целото свое битие. Неговата биографија е богата речиси исто толку како и неговите стрипови, кои почнува да ги црта од 1945-та.**

**На први април 1970-та во една белгиска ревија ("Пиф" број 1296, а кај нас во "Стрип Арт" 24) се појави првата епизода од 19 страни - *Тајната на Тристам Бантам* - на новиот стрип: *Корто Малтезе*.**

**Во првата половина од седумдесеттите Корто се појавува во куси епизоди од 20 страни, подоцна собрани во албумите *Под знакот на јарецот*, *Зелениот континент*, *Келтите* и *Етиопија*. По овој период, Прат на својот главен лик му посветува посебни албуми - *Корто Малтезе во Сибир*, *Венецијанска бајка*, *Златната куќа на Самарканд*, *Младоста на Корто Малтезе (Манџурија 1905/1906)*, *Танго*, *Швајцарската алхемичарска ружа*, заедно со последниот албум *Му*. Корто се движи низ Карибските острови, џунглите на Ј. Америка, по италијанскиот и француски фронт 1917-18, низ Ирска и Стоунхенџ, низ Етиопија, Кина, постреволуционерниот Сибир, средна Европа, Аргентина... Се среќава со Хемингвеј, Оназис, Џек Лондон, Буч Кесиди, Херман Хесе... Авантурите на Корто Малтезе привлекоа милиони читатели низ целиот свет, а за него се напишани дури и неколку монографски истражувачки книги!**





# УМРЕ ХУГО ПРАТ, НО НИ ОСТАНУВА КОРТО МАЛТЕЗЕ

Потресен поради неговата смрт, на првиот новинар што се јави неколку минути по објавувањето на веста, му реков дека Хуго Прат е "Салгари на нашиот век". Но не е баш така. Салгари беше голем создавач на митови, но тој всушност пишуваше несмасно, верувам, дури и за неговото време. Прат, меѓутоа, "пишуваше добро". *Баладата за соленото море* може одново и одново да се чита и гледа (бидејќи, како што е познато, Прат "пишуваше" во стрипот) и притоа постојано да се ужива во начините на кои е замислена - и во зборови и во слики. Има многу малку отстапки, или воопшто ги нема, иако сум наклонет да правам разлика помеѓу Прат на "првиот манир", чијшто цртеж сé уште е по малку преоптоварен, од Прат на "вториот манир" (по мене, најдобар) кој е постилизиран и во поголема мера сведен на суштинското, и најпосле оној Прат со "третиот манир", кај кого грижата за цртеж е апсолутно примарна и станува токму "манир".

Во секој случај, најмалку две генерации што живееле во овој век ќе бидат обележани со сеќавањето на големите митови што ги создаде Прат. Извонреден раскажувач, можеби и повеќе отколку цртач (но не ќе беше раскажувач да не беше цртач), за сите разбирлив, а сепак толку учен, полн со коментари за литературата, митологијата, етнографијата... Мошне сестран уметник.

Ќе завршам со еден настан. Во Милано имаше една промоција на Прат, кадешто беше и мојата ќерка, која тогаш беше малечка, но која веќе стигна да ја засака приказната за Корто Малтезе. Ја викнав, й реков дека ќе й го покажам Хуго Прат. Таа дојде, го видовме Прат, таа ме одведе настрана и тивко рече: "Па тоа е Корто Малтезе!" Само децата сфаќаат дека кралот е гол.

Корто има издолжени црти, тенок е но јак, со вешто смекната грациозност во стилот "art nouveau". Прат беше низок, дебеличок, со тркалезно лице. Но, тој ден добро го загледав неговиот профил, како да беше во контрасветло: тоа навистина беше Корто Малтезе. Целиот живот ни раскажуваше приказни за тоа каков сака да биде. Се надевам дека и ќе остане онаков каков што сакаше да биде.

**Во продолжение ви пренесуваме една епизода од "првиот период" на Корто Малтезе.**




КОРТО МАЛТЕЗЕ
ТАМУ КАДЕ ШТО ОРИНОКО ЈА ПРАВИ СВОЈАТА ДЕЛТА, СЕ СОЗДАВААТ БРОЈНИ ЛАГУНИ. НАЈУБАВАТА ОД НИВ Е И НАЈОПАСНА. ПЛОВЕЈЌИ НИЗВОДНО, КОРТО МАЛТЕЗЕ МОШНЕ И СЕ ПРИБЛИЖИ.
ДОСТА ДОЛГО УДИРААТ ПО ТАПАНИТЕ! МЕЃУТОА, БЛИСКУ НЕМА НИКАКВО СЕЛО.
НАЈБЛИСКУ Е МАБАРУМА. НИТУ НА БРЕГОТ НИТУ ПОДЛАБОКО НЕМА ШУМА.
ЗНАМ ДЕКА НЕШТО ВЕЛАТ, НО НЕ ЗНАМ ШТО.
ТИ СИ БЕЛЕЦ, НЕ МОЖЕШ ДА РАЗБЕРЕШ...
ПОРАКАТА ЗБОРУВА ЗА НЕКОЈ БОЛЕН БЕЛЕЦ. СЕ УЛОГОРИЛ НА БРЕГОТ ОД ЛАГУНАТА НА УБАВИТЕ СОНИШТА. СИГУРНО Е ЛУД.
ИМАШ ПРАВО. НИЕДЕН БЕЛЕЦ НЕ СЕ МОТКА ТАМУ, ОСВЕН АКО Е ЛУД!
ШТО ЛИ ПРАВИ ТАМУ?
НА УСТИЕТО НА ГОЛЕМАВА РЕКА ИМА ОПАСНИ МЕСТА: ЗЕЛЕНАТА ШУМА, РИО КАРИБА И, НАЈОПАСНОТО, ЛАГУНАТА НА УБАВИТЕ СОНИШТА.
ТРЕБА ДА ЅИРНЕМЕ. НЕ МОЖАМ ТОЈ ЧОВЕК ДА ГО ОСТАВАМ САМ...
ДОБРО, КОРТО, АКО САКАШ, НО НЕМА ДА БИДЕ ЛЕСНО ДА СЕ ДОЈДЕ ТАМУ.
ЌЕ СЕ ОБИДЕМЕ, МИЛОРДЕ, ЈАВИ ИМ ДЕКА ДОАЃАМЕ.
ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ!
НЕКОЛКУ МИЛЈИ ПОНАТАМУ.
ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ!


ДОСТА СО ТОА УДИРАЊЕ... ЌЕ ОГЛУВЕАМ... ДОСТА!!!
ТОМ! ТОМ! ТОМ! ТОМ!
ГОСПОДА... ТАКА НЕ СЕ УДИРА ТАПАНОТ... ТРЕБА РИТАМ, СИНХРОНИЗАЦИЈА...
НИЕ УДИРАМЕ НА СВОЈ НАЧИН. ВАЖНО Е ДА СЕ ДОБИЕ ОДГОВОР!
КОЈ ВИ ОДГОВОРИЛ? КОЈ ВЕ РАЗБРАЛ?... ВИЕ НИКОГАШ НЕМА ДА БИДЕТЕ "ЕЛИТНИ СТРЕЛЦИ", НЕМАТЕ ДИСЦИПЛИНА...
ОСВЕН ТОА, СО ЦЕЛАВА БУКА НЕМА ДА МОЖЕМЕ ДА ЈА ИЗНЕНАДИМЕ ГЕРМАНСКАТА БОРНА КОЛА... ВИ ВЕЛАМ, ИМАМ ИСКУСТВО...
...ОТКАКО ГИ "ПОЗАЈМИВ" ПАРИТЕ НА ПОЛКОТ, ТОЈ ГЕРМАНСКИ ТЕНК МЕ СЛЕДЕШЕ НИЗ ЦЕЛА ФРАНЦИЈА, СÉ ДОТУКА!
КАКО УСПЕВА ВО ТОА?
2
Е, ЗНАМ ЈАС... МЕ ГЛЕДАТЕ КАКО КОЈ ЗНАЕ КОГО. ИСТОТО ГО МИСЛЕШЕ И БРИГАДНИОТ ПОЛКОВНИК, НО БАШ МИ Е ГАЈЛЕ... САМО ЕВЕЛИН ДА Е ОВДЕ, СÉ ЌЕ БЕШЕ ДРУГО.


И ПАРИТЕ НА ПОЛКОТ МОРАВ ДА ГИ ЗЕМАМ ПОРАДИ НЕА.
НО ШТОМ ГЛАДИЈАТОРОТ ЌЕ ПОБЕДИ ВО ЛОНШАМ, СÈ ЌЕ СЕ СРЕДИ...
ТОГАШ ЌЕ СЕ ОЖЕНАМ СО ЕВЕЛИН И ЌЕ НАПРАВАМ КУКА ОВДЕ... ЗАДОВОЛЕН?
UGH.!
БОЖЕ, КОЛКУ Е УБАВА ЛАГУНАВА!
ТИ СИ ПРИЈАТЕЛ!
КОЈ, ЈАС?... ДА, ДА... НО "ЕЛИТНИТЕ СТРЕЛЦИ" НЕ МИСЛЕА ТАКА...
НЕКОЈ ДОАЃА!
ТОА СЕ ТИЕ ШТО ОДГОВОРИЈА НА ПОРАКАТА.
ПРЕД СÈ, КОЛЕГИ, НЕ ПРЕТСТАВУВАЈТЕ МЕ КАКО ИМБЕЦИЛ... ДОБАРДЕН, ГОСПОДА, ДОБРОДОЈДОВТЕ ВО ШТАБОТ НА БРИГАДАТА.


КАКО СЕ ЧУВСТВУВАТЕ?
СТРАШНО ЛОШО, БИДЕЈЌИ ЕВЕЛИН Е ЛОША КОН МЕНЕ. ЗАРЕМ НЕ Е ОДВРАТНО ШТО МЕ МАМИ СО ДРУГ?
НЕРАЗУМНО.
НЕРАЗУМНО? ВЕЛИКОДУШЕН СТЕ КОН НЕА.
ПА, ДА РЕЧЕМЕ, НЕДОЗВОЛИВО. НО, БАРЕМ ЗА МОМЕНТ ПРЕСТАНЕТЕ ДА МИСЛИТЕ НА ТОА... ЗЕМЕТЕ ЛАЖИЧКА ОД ОВА.
ГЛУПОСТИ! СЕ ОБЛОЖУВАМ ДЕКА ВИЕ СТЕ МАЛ ЛЕПРОЗНИК, МАЛ ЗЕЛЕН ОД ИРСКА. ШТО Е ТОА? ЉУБОВЕН НАПИТОК?
ЉУБОВТА И ЖИВОТОТ ОДАТ ЗАЕДНО. ЗЕМЕТЕ МАЛКУ ОД ОВА.
ТАКА... СЕГА ОДМОРЕТЕ СЕ САТ-ДВА. ДО МОЈОТ БРОД ИМА ДОСТА ПАТ.
БРОД?... НЕ, ФАЛА. НО, ВИЕ СТЕ ЛЕКАР ИЛИ ПИРАТ?
ПА, МИЛЕНИК НА СУДБИНАТА, ДА РЕЧЕМЕ. САКАВТЕ НЕШТО ДА КАЖЕТЕ?
ДА... РЕКОВ ДЕКА ЕВЕЛИН НЕ ТРЕБАШЕ ОНАКА ДА ПОСТАПИ СО МЕНЕ... НО, НЕ САКАВ ТОА... НЕ СЕ СЕЌАВАМ!
ЗНАЕТЕ ДЕКА ВО БЛИЗИНАТА ИМА ЕДЕН ГЕРМАНСКИ ТЕНК?
ГЕРМАНСКИ ТЕНК ОВДЕ? ДАЛЕКУ СМЕ НИЕ ОД ФРАНЦИЈА. НЕ ВИ Е ТОПЛО ВО УНИФОРМАТА?


НЕ... НЕ... ОСВЕН ТОА, ОВДЕ Е ТОЛКУ ПРОКЛЕТО УБАВО, ЛАГУНА НА УБАВИТЕ СОНИШТА...
ПРОКЛЕТО УБАВО... ТОА СЕ ВИСТИНСКИТЕ ЗБОРОВИ.
...МЕСТОВО Е МНОГУ ОПАСНО. ОВДЕ СЕ НА КУП НАЈСМРТОНОСНИТЕ ИНСЕКТИ НА АМЕРИКА... ПОГЛЕДНЕТЕ ЈА ТРЕВАТА, ПОТСЕЌА НА ВАШИТЕ АНГЛИСКИ ПОКОСЕНИ ЛИВАДИ...
АЈДЕ, ТРГНЕТЕ СО МЕНЕ.
БЛАГОДАРАМ, НО ЈАС ОСТАНУВАМ ОВДЕ УШТЕ НЕКОЛКУ ДЕНА.
СЛУШАЈТЕ, ЛАГУНАВА ПРЕДИЗВИКУВА ДОБРИ СОНИШТА ЗАТОА ШТО Е ПРЕПОЛНА СО ТРЕСКА И СО СИТЕ ДРУГИ БОЛЕСТИ. КОГА ОВДЕ СЕ СОНУВА, НАЈЧЕСТО НЕМА БУДЕЊЕ.
БЕВТЕ НАИВНИ ШТО ДОЈДОВТЕ ВАМУ. ИМА И ДРУГИ НАЧИНИ ЧОВЕК ДА СЕ ОТКАЧИ ОД СТАРИОТ ЖИВОТ...
НА ШТО АЛУДИРАТЕ?
О, ПРЕСТАНЕТЕ. МОЖАМ ДА ПОГОДАМ РЕЧИСИ СÈ. НО, АКО САКАВТЕ ДА СЕ УБИЕТЕ, ЗОШТО ДОЈДОВТЕ ДО ОВДЕ? ЈА НОСИТЕ УНИФОРМАТА НА СЛАВНИТЕ АНГЛИСКИ "ЕЛИТНИ СТРЕЛЦИ" КОИ СЕГА СЕ ДОБРОВОЛЦИ НА ФРОНТОТ ВО ФРАНЦИЈА... МОЖЕВТЕ ДА ОСТАНЕТЕ НА ФРОНТОТ.
ВПРОЧЕМ, ТОА НЕ МЕ ЗАСЕГА. НО, БИДЕТЕ РАЗУМЕН И ТРГНЕТЕ СО МЕНЕ!
НЕ, НЕ, НЕМАМ НИТУ ЖЕЛБА НИТУ СИЛА ДА ПАТУВАМ.
ДОБРО, ТОА Е ПРИЧИНА ЗА ПРИФАЌАЊЕ. НО, ЌЕ ДОЈДАМ И УТРЕ, ПОБЛИСКУ СО БРОДОТ, А ВИЕ ЗЕМАЈТЕ ГО ЛЕКОТ.



ДО ГЛЕДАЊЕ ДО УТРО И ОБАВЕЗНО ЗЕМАЈТЕ ГО ЛЕКОТ. ИМ ГО РЕКОВ ТОА И НА ИНДИЈАНЦИТЕ СО ВАС.
ФАЛА, И ДО ГЛЕ-ДАЊЕ... ВИЕ СТЕ ПРИЈАТЕЛ.
ДА... СТВАРНО ИСКЛУЧИТЕЛЕН ТИП, СИЛНА ЛИЧНОСТ, ТОЈ ДА БЕШЕ НА МОЕТО МЕСТО ТЕНКОТ НЕМАШЕ ДА ГО ДЕСЕТКУВА МОЈОТ ВОД ВО ФЛАНДРИЈА.. О, НЕКОЈ ДОАЃА...
...ПА ТОА Е ПОЛКОВ-НИКОТ ЛАЈТОН!
ПА, МОМЧЕ, СИ ЗАМИНА ЛИ ТОЈ ДРДОРЛИВ МОРНАР?
ГЛУПАВО Е ШТО СЕ ЗБРАТИ-МУВАТЕ СО ПРВИОТ ШТО ЌЕ НАЛЕТА. ТРЕБА ДА СЕ ИМА СТИЛ, СТЈУАРТ, СТИЛ, ДУРИ И ЗА КРАДЕЊЕ ПАРИ.
ПАК ИСТАТА ПРИКАЗНА, ПОЛКОВ-НИКУ.
ТОА Е САМО ЗАЕМ. ШТОМ ГЛАДИЈАТОРОТ ЌЕ ЈА ДОБИЕ ГОЛЕМАТА НАГРАДА НА ПАРИЗ, НА ПОЛКОТ ЌЕ МУ ГО ВРАТАМ ДОЛГОТ.
СЈАЈНО, СТЈУАРТ, СЈАЈНО, ТОА ЗНАЧИ ДА ИМАШ СТИЛ И ДА БИДЕШ СПОРТИСТ!
ГО ВИДОВТЕ ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК?
НЕ, ПОЛКОВНИЧЕ, НО ЌЕ ГО СУРЕДАМ ЈАС ТОА, ВО СВОЈ СТИЛ.
СЈАЈНО, СТЈУАРТ, СТИЛОТ ПРЕД СÈ!
КАКО ШТО ВИЕ ЌЕ КАЖЕТЕ. ВОЗБУДЕН СУМ.


ПОЛКОВНИКОТ ЛАТОН Е ОДЛИЧЕН ОФИЦЕР.
СЕКОГАШ БИЛ ЉУБЕЗЕН КОН МЕНЕ, СО РАЗБИРАЊЕ... ТОЈ Е ВУЈКО НА ЕВЕЛИН, ЗНАЕШ?!
НЕ ТЕ РАЗБИРАМ!
НАЈГЛУВ Е ОНОЈ ШТО НЕ САКА ДА СЛУШНЕ... ВИДИ, ВИДИ, КОЈ Е ТОА?
ДОБАРДЕН, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ, МИЛО МИ Е ШТО ВЕ ГЛЕДАМ.
АРЧЕР, ШТО ВИЕ ПРАВИТЕ ОВДЕ, ДОБОГА?!
Е ПА, САМО ШТО МЕ ИЗМЕРИЈА... РЕКОВ ДЕКА ГЛАДИЈАТОР ЌЕ ПОБЕДИ? Е ПА И ПОБЕДИ!
ЗНАЕВ. КАКВА БЕШЕ ТРКАТА?
НЕ БАШ ЛЕСНА, ВО СВИОЦИТЕ НЕ БЕВМЕ БАШ СЈАЈНИ...
ВО ЕДЕН МОМЕНТ МИСЛЕВ ДЕКА ШОСЕР ЌЕ НÉ ПРЕСТИГНЕ...
НО ТОГАШ ГЛАДИЈАТОР ПОЛЕТА КО СТРЕЛА И ПОБЕДИВМЕ ЗА ДВЕ ДОЛЖИНИ.
ПРЕКРАСНО, АРЧЕР, ПРЕКРАСНО!
ТОА Е ДОБРА РАБОТА, АРЧЕР. ТАА ПОБЕДА ЌЕ МЕ ИЗВЛЕЧЕ... НЕМА ДА ВЕ ЗАБОРАВАМ, АРЧЕР...
СИГУРЕН СУМ ВО ТОА, ПОРУЧНИКУ...
А ИМА И ДРУГИ ТРКИ, ВО ШПАНИЈА, И ТАМУ ЌЕ ПОБЕДИМЕ... А СЕГА, ДОЗВОЛЕТЕ МИ, ГОСПОДИНЕ...
СЈАЈНО, АРЧЕР, СЈАЈНО!


ДА... ТОЈ ДЕЧКО Е ГОЛЕМ ЏОКЕЈ. СО ПАРИТЕ ОД НАГРАДАТА ЌЕ ГО ПЛАТАМ ДОЛГОТ КОН БАТАЉОНОТ...НО, СО ВАС НЕ МОЖЕ ДА СЕ РАЗГОВАРА.
О, РОБИН СТЈУАРТ, МИЛ, МИЛ МОЈ...
МАМА?... УБАВО СИ РАСПОЛОЖЕНА! ДОБАРДЕН, ГОСПОЃО МАЛОРИ!
ПАК ИМАШ БРАДА!
ИМАШ ПРАВО, МАМО. НО, ПОКРАЈ КОНФЕРЕНЦИЈАТА ВО КРАЛСКОТО ГЕОГРАФСКО ДРУШТВО, И ВОЈНИОТ СОСТАНОК, НЕМАВ ВРЕМЕ ДА СЕ ИЗБРИЧАМ!
ИНДИЈАНЦИВЕ НЕ СЕ БАШ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ЕДЕН АНГЛИСКИ ПАРК-КЛУБ... НО, КАЖИ МИ, СИ ЈА ВИДЕЛА ЛИ ЕВЕЛИН?
НЕ, И АКО САКАШ ЕДЕН СОВЕТ, ТАА И НЕ Е ДЕВОЈКА ОД НАШИОТ СТАЛЕЖ... ТАА Е СНОБ.
МАМО, АКО ДОЗВОЛУВАШ ДА ЈА СМЕНИМЕ ТЕМАТА.
КАКО САКАШ, РОБИН, МИЛ... АХ, ОВАА ТАРАНТУЛА БАШ МЕ ФИКСИРА. НЕПРИЈАТНО, НЕПРИЈАТНО...


ЕТЕ! ВЕЌЕ НЕМА ДА ТЕ ВОЗНЕМИ-РУВА, МАМО!
ПОНЕКОГАШ НЕ ТЕ РАЗБИРАМ, РОБИН. ЗАРЕМ МОРАШЕ ДА ЈА УБИЕШ?
ИЗВИНИ, МАМО, СЕГА МОРАМ ДА ОДАМ!
СОСЕМ САМ СИ ЧЕКОРАМ ПО ЗЕЛЕНАТА ШУМИЧКА, ГО ЗАГУБИВ ПРИЈАТЕЛОТ ПОРАДИ НАВРЕДА, СОСЕМА САМ...
...ЌЕ МУ ПОРАЧАМ ДЕКА ЌЕ СЕ ПОПРАВАМ, САМ МИНУВАЈЌИ НИЗ ШУМИЧКАТА... О, СТЈУАРТ, СТЈУАРТ, НАКИСНАТА КОКОШКО...
ШТО ПРАВИШ ТИ ВО ВОЈСКА?!
ЗБУНЕТ СУМ... ШТО ЛИ ИМА ЗАД ВРАТАВА?!
ОД ДРУГАТА СТРАНА ИМА, ЗНАМ, НЕШТО ШТО ЌЕ МЕ ИСПЛАШИ, НО ЈАС НЕ МОЖАМ ПОСТОЈАНО ДА БЕГАМ...
ОН!


BOOOM!
ПАК ТОЈ ПРОКЛЕТ ГЕРМАНСКИ ТЕНК!
ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ!
ТИ СИ...ОД ТРЕТИОТ ВОД?
ДА, ГОСПОДИНЕ,ТРЕТИОТ ВОД НА "ЕЛИТНИ СТРЕЛЦИ"... ВЕ ЧЕКАВ, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ!


ЕЈ, МОМЦИ, СЕ ВРАТИ ПОРУЧНИКОТ СТЈУАРТ... НАЈПОСЛЕ МОЖЕМЕ ДА МУ СЕ СПРОТИВСТАВИМЕ НА ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК!
ДОБРОДОЈДОВТЕ, ПОРУЧНИКУ. БЕЗ ВАС СМЕ НИШТО!
МНОГУ ВИ БЛАГОДАРАМ, КАПЛАРУ, МОШНЕ СУМ ВОЗБУДЕН...
КОНЕЧНО, КАДЕ БЕШЕ СТЈУАРТ? ТИ ЗНАЕШ ДЕКА "ЕЛИТНИТЕ" НЕ МОЖАТ ДА ЧЕКААТ.
СЛУШАЈ, ДРИСКОЛ, ПОТПОЛНО СУМ РАМНОДУШЕН КОН СЕБЕ, КОН "ЕЛИТНИТЕ", ЗНАМЕТО, ДУХОТ НАН БАТАЉОНОТ, НИКОГАШ НЕ ЈА САКАВ ВОЈСКАТА... ЈАС...
ІННН!...
СЕКОЈ СО МАЛКУ ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ГО ЗНАЕ ТОА... НО, ТРЕБА ДА СЕ ПРЕПРАВАШ ДЕКА ВЕРУВАШ ВО ТОА, БЕСКОРИСНО Е ДА СЕ БУНИШ
НО, СЕПАК...
...ЗАРЕМ НЕ СЕ ИЗНЕНАДИ КОГА ИЗБЕГАВ ПРЕД ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК?
НЕ... НИКОЈ НЕ СЕ ИЗНЕНАДИ. СИТЕ САКАА ДА ИЗБЕГААТ, НО ПОТРЕБНО Е ПОВЕЌЕ ХРАБРОСТ ЧОВЕКОТ ДА ЖИВЕЕ КАКО КУКАВИЦА ОТКОЛКУ ДА УМРЕ КАКО ХЕРОЈ.
КОГА ТИ БЕШЕ РАНЕТ...ЈАС...НЕ ТИ ПОМОГНАВ, ТЕ ОСТАВИВ ДА УМРЕШ ЗАТОА ШТО...ЕВЕЛИН ПОВЕЌЕ ТЕ САКА ТЕБЕ...
ХММ!
ГЛУПОСТИ... И ЈАС ТАКА БИ ПОСТАПИЛ. КО ШТО ВЕЛИ ПОГОВОРКАТА, "ВО ВОЈНА КАКО ВО ЉУБОВ"...


ТОА НЕ Е МОЖНО... ПРЕМНОГУ МИ ПОПУШТАТЕ. САКАТЕ ДА МЕ ПОНИЖИТЕ. ЗБОГУМ, ДРИСКОЛ, ЌЕ ГО НАПРАВАМ ТОА ШТО ТРЕБА...
ЌЕ ГО НАПАДНАМ ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК... НО, КАДЕ СЕ МОИТЕ ИНДИЈАНСКИ СТРЕЛЦИ?
ЕВЕ НÈ, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ...
НЕ...НЕ ИНДИЈЦИТЕ ОД ИНДИЈА, ТУКУ ОНИЕ ШТО БЕА СО МЕНЕ...АМЕРИКАНСКИТЕ ИНДИЈАНЦИ... КАДЕ СЕ?
ТУКА СМЕ, СТЈУАРТ... ЗОШТО ВИКАШ ТОЛКУ... ТОА НЕ Е НАША ВОЈНА!
ЗНАМ, ПРИЈАТЕЛИ... НО ВИЕ ЌЕ МЕ ПОКРИВАТЕ СО ВАШИТЕ ДУВАЛКИ ...ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК ЌЕ ТРЕБА ДА ИМ СЕ СПРОТИСТАВИ НА ВАШИТЕ КУРАРЕ-СТРЕЛИ! АЈДЕ!
УРА ЗА ДОБРОВОЛЦИТЕ! УРА ЗА 28 БАТАЛЈОН! УРА ЗА "ЕЛИТНИТЕ"!
12
ЕВЕ ГО... ХРАБРО, МОМЦИ... НЕ СМЕЕ ДА МИНЕ... ЗА ЧЕСТА И СЛАВАТА!


НЕМА ДА БИДЕ КАКО МИНАТИОТ ПАТ... МОРАМ ДА УСПЕАМ...
BOOOM!
...БАРЕМ ЕДНАШ, ДА НЕ ПОБЕГНАМ...
...ПОЗНАТО Е ДЕКА "ЕЛИТНИОТ СТРЕЛЕЦ" Е НАЈОПАСЕН СО БОМБА ВО РАКАТА...
RATT-RATT-TRATT-TRATT!
RATTRATT! RATTRATT!
...ДОБРО, ЈАС СУМ ЕДЕН ОД НИВ...ИМАМ БОМБА, ВО ЈУРИШ... А СЕПАК УМРЕВ ОД СТРАВ...
...ШТО СЕ СЛУЧИ?
БОЖЕ... УСПЕАВ! ГО СУРЕДИВ ПРОКЛЕТИОТ ГЕРМАНСКИ ТЕНК!...


НАПРАВИВТЕ ГОЛЕМ ПОДВИГ, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ... ВИЕ СТЕ НАЈДОБРИОТ ОФИЦЕР ВО ЦЕЛАТА БРИГАДА... ГО УНИШТИВТЕ ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК... РАНЕТИ СТЕ?
СЕГА МОЖЕ ДА ГИ УКРАДЕ ПАРИТЕ НА ЦЕЛИОТ БАТАЛЈОН! ИМА ПРАВО НА ТОА!
Е, ДА...
НЕКОЈ ИЗЛЕГУВА ОД ТЕНКОТ...
КУЧЕ АНГЛИСКО...
О! ПОГОДЕН СУМ!!!
BANG!
ЗАРЕМ УМИРАЊЕТО Е ТОЛКУ БАВНО?
ЧУДНО... ПАДНАВ ВО ДУПКАВА... А ИМАМ ВПЕЧАТОК ДЕКА ОТСЕКОГАШ СУМ ВО НЕА... РАНАТА НЕ БОЛИ МНОГУ.
НО КАДЕ СЕ ДРУГИТЕ? ЗОШТО МЕ ОСТАВИЛЕ САМ СРЕДЕ МАГЛАВА?


САКАМ ДА СЕ ВРАТАМ ВО ЛАГУНАТА КОЈА ТОЛКУ МИ СЕ ДОПАЃА...
ЛАГУНАТА НА УБАВИТЕ СОНИШТА...
ЗАДОВОЛСТВО МИ Е ШТО ПАК ВЕ ГЛЕДАМ, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ. ЈАС СУМ ПОРУЧНИК РИЛКЕ, КОМАНДАНТ НА ГЕРМАНСКИОТ ТЕНК И МОРАМ ДА ПРИЗНААМ...
...ДЕКА ВАШАТА АКЦИЈА БЕШЕ СОВРШЕНА. ВАШАТА БОМБА ГО ДИГНА ВО ВОЗДУХ СКЛАДОТ СО МУНИЦИЈА. ЖАЛ МИ Е ШТО ЕДЕН ОД ВОЈНИЦИТЕ ПОТОА ПУКАШЕ ВО ВАС ... НЕ ЗНАЕ ДА ГУБИ, ЗА РАЗЛИКА ОД НАС...
БЛАГОДАРАМ НА ЉУБЕЗНОСТА, ПОРУЧНИКУ РИЛКЕ... ДАЛИ СТЕ ВО СРОДСТВО СО ПОЕТОТ?
НЕ, НЕ. ИАКО САКАМ ДА БИДАМ ПОЕТ, НО НЕМАМ ТАЛЕНТ...
УТРОВО, КОГА ЕКСПЛОДИРА ТЕНКОТ, БЕВ ПОТПОЛНО ИЗГОРЕН...
НА ЖЕНАТА Ѝ НАПИШАВ ПИСМО, КОЕ СЕ ЗАГУБИ, ИЗГОРЕ... НО СÈ УШТЕ ИМАМ...
ЕДНА МАЛА РУЖА ШТО ЈА СКИНАВ КРАЈ КУЌИТЕ РАЗУРНАТИ ОД НАШАТА АРТИЛЕРИЈА. ПОГРИЖЕТЕ СЕ ТАА ДА ЈА ДОБИЕ СО ВЕСТА ЗА МОЈАТА СМРТ...
СЕ ОБВРЗУВАМ НА ТОА, ПОРУЧНИКУ РИЛКЕ. ТОЛКУ СУМ ВОЗБУДЕН...
ЗОШТО?
ЗОШТО? НО ЗОШТО... СÈ Е ТОЛКУ УБАВО, ТОЛКУ ПОЕТИЧНО, ДОДЕКА...
ЖИВОТОТ Е МНОГУ ПОСЕРИОЗЕН ОД ТАА МЕЛАНХОЛИЧНА ВОЕНА ПРИКАЗНА... ЖИВОТИТЕ НИ СЕ УПРОПАСТЕНИ, ПОРУЧНИКУ РИЛКЕ...


ЗБОГУМ, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ. НАЈДЕТЕ СИ ЈА СРЕЌАТА ВО ЛАГУНАТА НА УБАВИТЕ СОНИШТА.
А ДА, ТАА ВЕРОЈАТНО Е ТУКА НЕКАДЕ... КАДЕ ИСЧЕЗНАА ИНДИЈАНЦИТЕ ШТО БЕА СО МЕНЕ?
А, ТУКА СТЕ! БАШ БИ САКАЛ ДА ЗНАМ ЗОШТО ВИЕ ДВАЈЦА МЕ НАБЉУДУВАТЕ ЦЕЛО ВРЕМЕ.
ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ, ПОРУЧНИКУ СТЈУАРТ!
СЛУШНАВ ШТО СТОРИВТЕ. НАВИСТИНА СЈАЈНО, КОЛЕГА...
АКЦИЈА ПОЛНА СО СТИЛ, КАКО ДОБАР СПОРТИСТ... ВИЕ ГО ОДРЖУВАТЕ ПРЕСТИЖОТ НА "ЕЛИТНИТЕ СТРЕЛЦИ". СЈАЈНО.
ВИДОВ ДЕКА РАЗГОВАРАТЕ СО НЕПРИЈАТЕЛСКИОТ ОФИЦЕР...
О, ПОРУЧНИКОТ РИЛКЕ. ОДЛИЧЕН ОФИЦЕР, ВИСТИНСКИ ЏЕНТЛМЕН, И ТОЈ ИМА СТИЛ.
СТЈУАРТ, СТАР МОЈ, ГО ЗАСЛУЖИВТЕ "КРСТОТ НА ВИКТОРИЈА"... ВИЕ СТЕ ПРИМЕР...
ОВА Е ЧЕСТ И ЗА МЕНЕ...
